Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за спорт
Ministria e sporteve
Бр. - Nr 13-662/2
27.04.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Архивски знак:
Рок на чување: год.
201 година
Потпис

Република Северна Македонија
Министерство за спорт

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Sportit

Бр. 13 - 662/2
27-04-2026.2026 год.

# ЈАВЕН ПОВИК

за ангажирање лица за потребите на Проектот ELEVATE SS-experiential Learning for Enhanced Venue Accessibility via AI_Empowered Trainig for Stadium Staff финансиран од ЕРАЗМУС + програмата на Европската комисија

Министерството за спорт има потреба од ангажирање на 2 (две) лица во проектната единица за имплементација на проектот на следнава позиција:

- **Проектен асистент 2 (две) лица**

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ УСЛОВИ (ЕЛИМИНАЦИСКИ КРИТЕРИУМИ)

Кандидатите кои не ги исполнуваат сите наведени услови нема да бидат разгледувани:

- Високо образование – минимум **240 ЕКТС кредити** (VII/1 степен),
- **Минимум 2 години докажано искуство** во имплементација на проекти финансирани од ЕУ (Erasmus+, IPA, Horizon или слични програми)
- Активно познавање на англиски јазик (минимум ниво B2)
- Напредно познавање на: MS Office, AutoCAD
- Искуство во работа со дигитални платформи, e-learning системи или обуки ќе се смета за силна предност
- Возачка дозвола Б категорија (активен возач)

## ПОСЕБНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ БАРАЊА

- Искуство во:
  - подготовка на извештаи кон донатори
  - организација на настани / обуки со над 100 учесници
- Познавање на принципи на:
  - пристапност за лица со попреченост
  - дигитална инклузија
- Способност за работа со меѓународни партнери и мултикултурни тимови

Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: web:

EGZEMPLARI ARKIVOR

## КЛУЧНИ ОДГОВОРНОСТИ

- Поддршка во координација на проектните активности
- Учество во подготовка на 3D и дигитални обучувачки материјали
- Логистичка организација на пилот-обуки (локално и меѓународно)
- Подготовка на административни и наративни извештаи
- Комуникација со проектни партнери од ЕУ
- Учество во теренски активности и тестирање на платформата

## ПОТРЕБНИ ВЕШТИНИ

- Изразени аналитички и организациски способности
- Способност за работа под притисок и кратки рокови
- Високо ниво на одговорност и самостојност
- Проактивност и ориентираност кон резултати
- Одлични комуникациски вештини

## ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Кандидатите задолжително треба да достават:

- CV на англиски јазик (со јасно наведен број на ЕКТС кредити)
- Писмо за интерес (максимум 1 страница)
- **Доказ за учество во минимум 2 проекти** (референци или договори)
- Портфолио или пример од претходна работа (доколку има)
- Контакт од минимум 2 професионални препораки

**Апликации без докази за проектно искуство нема да се разгледуваат.**

## РОК И НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

Апликациите се доставуваат електронски најдоцна до:
**04.05.2026 година (до 16:00 часот)**

на e-mail: gordana.cbosevska@ms.gov.mk

Наслов: **„Апликација за Проектен асистент – ELEVATE SS“**

- Ќе се контактираат **само кандидатите кои ги исполнуваат условите**
- Нецелосни и задоцнети апликации нема да се разгледуваат
- Министерството го задржува правото да не избере кандидат доколку не се исполнат очекуваните критериуми



EGZEMPLARI ARKIVOR

* * *

Проектот ELEVATE SS-experiential Learning for Enhanced Venue Accessibility via AI_Empowered Trainig for Stadium Staff, кој се реализира во рамките на Министерството за спорт согласно - Договорот бр.13-662/1 од 25.03.2025 година, има за цел да развие и воведе стандардизиран, иновативен и дигитален систем за обука на персонал на стадиони.

Проектот создава интерактивна 3D платформа со AI-подобрени тренинзи, наменета за четири клучни категории стадионски персонал:

- Редари
- Обезбедување
- Билетарница
- Болнички персонал

Овие модули се засноваат на претходно спроведена анализа на потреби во европските стадиони и се трансформираат во 3D иновативна дигитална платформа, која вклучува видео-содржина, симулациски сценарија и анимирани аватари за практично и реалистично обучување.

Проектните активности опфаќаат развој на курикулуми, подготовка на дигитални обучувачки материјали, пилот-програма со најмалку 700 учесници во Франција, Романија и Македонија, како и последователна обработка на повратните информации за финално подобрување на платформата. Обуката ќе биде достапна на 11 јазици, со што се овозможува широка применливост и непречена репликација на европско ниво.

Проектот придонесува кон унапредување на квалитетот на услугите во спортските објекти, подобрување на пристапноста за лица со попреченост, зајакнување на компетенциите на персоналот и промовирање на инклузивни стандарди, во согласност со приоритетите на Европската унија во областа на спортот, дигиталната трансформација и социјалната инклузија. Министерството за спорт на учествува како проектен партнер.

Проектот придонесува кон:

-подобрување на пристапноста и искуството на лицата со попреченост на спортски настани,
-јакнење на компетенциите на стадионскиот персонал,
-зголемување на инклузивноста и социјалната кохезија,
-усогласување со приоритетите на Erasmus+ за дигитализација, различност и вклучување.

Министерството за спорт е официјален партнер и активно учествува во пилотирањето и промоцијата на програмата.

Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров" 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: web:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR